С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

НА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Службен гласник на Општина Крива Паланка **Издавач : Општина Крива Паланка** **Излегува по потреба**	**Број 10** **09.10.2026**	**Гласникот е бесплатен**

Врз основа на член 14 став (36) од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24),Одлуката за востановување општински признанија и награди бр.07-2173/15 од 26.08.2011 година, бр.07/2457/25 од 30.09.2011 година и бр.09-1829/19 од 25.06.2018 година, а по предлог на Одбор за доделување на награди и признанија, Советот на Општина Крива Паланка на свечената седница, одржана на 08.10.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за доделување на наградата „8 Октомври“ и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2026 година

Член 1

Наградата „8 Октомври“ за 2026 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

- Меѓународна ликовна колонија „Св. Јоаким Осоговски“ по повод 40-годишниот јубилеј, меѓународна афирмација на Крива Паланка и траен придонес кон културниот развој и промоцијата на општината.

Член 2

Наградата **„**Признание за особено постигнување и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка “ во чест на празникот на Општината „8 Октомври“ за 2026 година во Општина Крива Паланка се доделува на:

-Г-дин Виктор Петровски за извонредниот придонес во развојот на кошаркарскиот спорт, најмлад тренер во државата со освоена шампионска титула во клупската историја на Првата женска лига (како главен тренер на ЖКК„Крива Паланка“), најперспктивен селектор на женската јуниорска репрезентација на Македонија и за афирмација на градот на национално и меѓународно ниво.

Член 3

Признанија за промоција и развој на Општина Крива Паланка во чест на празникот на Општината „8 Октомври“ за 2026 година се доделуваат на:

1.**Г-дин Страхил Алексиќ,** учител во пензија и драмски автор, за неговиот придонес кон драмското творештво, зачувувањето на кривопаланечкиот дијалект и афирмација на книжевното и културно наследство на Крива Паланка.

2. **Д-р Џемиле Берат**, пензиониран психијатар во Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје, за нејзината професионална посветеност, храброст и хуманост во мирнодопски и воени услови и инспиративен животен пат како прва Ромка лекарка во Македонија, овековечен во нејзината автобиографска книга „Мојот сон“, со што ја афирмира Крива Паланка и нејзината историја и традиција.

3. **Д-р Крсте Димитровски**, универзитетски професор во пензија и научник во Љубљана, Словенија, за неговите исклучителни професионални постигнувања во научната област и за афирмација на општествениот и културниот живот од Македонија и родниот крај пред меѓународната јавност.

4. **Г-ѓа Димитринка Митка Анастасова Котуровиќ**, авторка на капиталното дело „Крива Паланка во моето детство“, за нејзината континуирана посветеност во зачувувањето на историјата на Крива Паланка, старите фамилии, родови, личности и градскиот живот од крајот на 19 и целиот 20 век, со што дава исклучителен и траен придонес за колективната меморија на градот и негова афирмација пред домашната и меѓународна јавност.

5. **ППК „Крива Паланка“** за постигнати исклучителни резултати во македонскиот пингпонгарски спорт, како најтрофеен и најуспешен клуб во државата и расадник на врвни пингпонгари и репрезентативци, кои ја афирмираат Крива Паланка на домашната и меѓународна сцена.

6. **Г-дин Бранко Павловски-Пикси**, фудбалски тренер, за афирмација на Крива Паланка преку својот повеќедецениски ангажман во спортот, континуирана работа со генерации млади, враќање на сениорскиот фудбал во градот и постигнати успеси во клупските натревари и создавањето на фудбалски репрезентативци со меѓународна кариера.

7. **Г-дин Вукашин Јовановиќ,** каратист, за неговиот придонес во афирмација на Крива Паланка како светски универзитетски шампион во карате за 2026 и повеќекратен државен првак и репрезентативец.

8**. Г-дин Жарко Ангеловски**, наставник по физичко и здравствено образование и карате тренер во КК „Шампион“, за исклучителен придонес во развојот на карате спортот и афирмација на Крива Паланка преку израснување генерации врвни спортисти и репрезентативци, кои освојуваат врвни титули на национални и меѓународни натпревари.

9. **Г-дин Стевче Христовски**, карате тренер во КК „Шампион“ за неговиот долгогодишен придонес во развојот на карате спортот во Крива паланка , израснување генрации врвни спортисти и репрезентативци и афирмација на градот на националната и меѓународна сцена.

Член 4

Благодарници во чест на празникот на Општината „8 Октомври“ за 2026 година се доделуваат на:

1. **ДГПТУ „8-ми Октомври“ Крива Паланка** за долгогодишен придонес во зачувувањето и промоцијата на занаетчиската традиција, развојот на локалната економија и афирмацијата на општината за успешно семејно претприемништво во локални и регионални рамки и

2. **ДПТУ „МАЛЕШ ДИМЧА“ ДООЕЛ** Крива Паланка за зачувување на долгогодишната традиција на пекарството, континуираното вработување на локално население и афирмација на општината како град со препознатлив гастрономски бренд.

Член 5

Наградата од член 1 од Одлуката се доделува како плакета и парична награда во износ од нето 30.000 денари.

Наградата од член 2 од Одлуката се доделува како плакета и парична награда во износ од нето 30.000 денари.

Средствата за доделување на наградата „8 Октомври“ за 2026 година ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Крива Паланка.

Член 6

Наградата “8 Октомври“ и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2026 година, ќе се доделат на Свечената академија на 8 Октомври 2026 година, во чест на ослободување на Крива Паланка.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 09 – 4891/3 **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

08.10.2026 год. **Претседател,**
Крива Паланка **Миле Трајковски**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.202/24) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка (,,Службен гласник на Општина Крива Паланка’’) бр.08/10,08/14,02/21,01/23,14/23,05/24 и 09/24),Градоначалникот на Општина Крива Паланка

З А К Л У Ч О К

за објавување Одлука за доделување на наградата „8 Октомври“ и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2026 година

1. Се објавува Одлука за доделување на наградата „8 Октомври“ и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2026 година ,што Советот ја донесе на свечена седница, одржана на ден 08.10.2026 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 -4891/4
09.10.2026 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Сашко Митовски с.р

Ред.бр. **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1. Одлука за доделување на наградата „8 Октомври“ и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2026 година.....2
2. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на наградата „8 Октомври“ и признанија за особени постигнувања и придонес за развојот и афирмацијата на Општина Крива Паланка за 2026 година.....5